МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

2015

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ИЗВЕШТАЈ

ЗА

РАБОТАТА НА МАКЕДОНСКОТО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО ЗА 2015 ГОДИНА

Содржина

Предговор од претседателот на МЕД 5

Предговор од директорот на МЕД 7

Инфо за конгрес 9

Организација и структура 12

Реализирани активности 15

1. Програма „Заштита на растенија и екосистеми“ 16
2. Програма „Проучување и заштита на птици“ 18
3. Програма „Зачувување на диви животни“ 22
4. Програма „Управување со заштитени подрачја“ 24
5. Програма „Агроекологија“ 31
6. Програма „Политики за заштита на природата и животната средина“ 32
7. Програма „Луѓето и природата“ 33
8. Програма „ ГИС аналитика и управување со бази на податоци“ 37
9. Програма „еколошка едукација“ 39
10. Програма „Односи со јавност“ 46

Листа на проекти кои се спроведуваа во текот на 2015 година 53

Преглед на финансиската состојба 57

Контакт информации 61

Предговор од претседателот на МЕД

Гледајќи кон сите успеси од 2015 година знам дека имаме многу причини за славење, но пред нас има уште многу работа ако сакаме да ја зачуваме природата во Македонија.

Како нов претседател на МЕД со гордеам со фактот дека покрај персоналот на проектната канцеларија зад мене стои членство и соработници кои остануваат посветени на нашата заедничка цел. За мене е многу важно дека толку многу луѓе веруваат во работата на МЕД и веруваат во нашите напори за зачувување на природата во Македонија.

Македонија е дом на некои од најзагрозените видови на животни и растенија и нивни живеалишта, а оваа година беше добра за некои од нив: по 10 години научни истражувања успеавме балканскиот рис да го ставиме на црвената листа на IUCN и со тоа да ја потврдиме силната потреба за негово зачувување; по повеќе од 50 години успешно ги пребројавме сите активни гнезда на штркови во Македонија; преку истражувањата на сливот на реката Брегалница учествувавме во изработувањето на првата мапа за еколошка сензитивност; истражувањата на Јабланица резултираа со идентификација на нов вид на слатководен полжав; на Белчишко Блато го спроведовме првото истражување кое резултираше со целосна документација за прогласување на Натура2000 подрачје; и по долг временски период објавивме научен труд за дистрибуцијата на шакалот во Македонија. Овие достигнувања јавно ги презентиравме и се потрудивме за нив да ги едуцираме сите засегнати страни.

Биолошката разновидност на Македонија е неверојатно висока и нејзиното зачувување не може да биде одговорност на само една држава. Затоа нашата работа, како и движењето на животинските видови кои ги проучуваме, ги преминува границите на Македонија; од соработката со нашите соседи на зачувување на шумите во Балканскиот зелен појас, програмата за закрепнување на балканскиот рис, преку заедничката борба за зачувување на природата и водните станишта во Преспа, сè до зачувувањето на прелетните патишта на птиците кои не поврзуваат со целото Средоземје и Африка. Исто така, нашите соработници доаѓаат од различни делови на светот, од Јапонија и Америка, преку нашите долгогодишни пријатели во Германија, Велика Британија, Швајцарија; извонредните волонтери и стажанти од Франција и

Шпанија, до ценетите соработници од Балканот кои веројатно и најдобро ја разбираат нашата работа.

Кога клучните живеалишта на дивиот свет се загрозени од несоодветно планирани инфраструктурни или градежни проекти ние ќе зборуваме гласно со наука зад нашите ставови, зашто веруваме дека со дијалог и со доблест на наша страна сите битки ќе бидат победнички.

Иако со полн капацитет продолжуваме да работиме за природата и луѓето, заканите сè уште се преголеми за самостојно да ги совладаме. Животински видови, живеалишта и нашето здравје се во прашање и нам ни е потребна помош и поддршка да го смениме тоа.

Работата на МЕД може да биде успешна само преку нашите поддржувачи, волонтери, персонал и локални соработници. Вашата поддршка е нашата сила, без неа не можеме да очекуваме успеси, без неа не можеме да заземеме силен став во име на природата.

Славчо Христовски
Претседател на МЕД

Предговор од директорот на МЕД

Биолошката разновидност на Македонија е едно од нашите најголеми богатства и главна инспирација за континуираната работа на МЕД. Изминатата година спроведувавме повеќе истражувачки и апликативни проекти, бевме посветени на теренски истражувања од голем опсег, работевме на подрачја за кои досега постоеја само оскудни податоци особено во Источна Македонија, соработувавме со населението низ цела Македонија и резултатите ме прават уште подлабоко уверена во важноста на нашата работа.

Свесни за незаменливоста на нашиот придонес во општеството ние сериозно се соочуваме со потребата за засилување на нашите капацитети. Растечките предизвици пред кои секојдневно сме исправени но и поддршката која ја добивме го јакнат нашиот тим и тој заслужува да делува во целосно професионална проектна канцеларија. Затоа јас во наредната година силно ќе се залагам за забрзано унапредување на организациската структура. МЕД има потреба од институционално зајакнување кое ќе се темели на јасни стратешки определби, долгорочни работни планови, препознатлива визија и мисија која соодветствува на моменталните состојби. А во времето на брза и постојана комуникација ние ќе останеме релевантни само ако сме препознатливи како извор на вистински научно поткрепени активности и фактор во подобрувањето на животните услови за сите растенија, животни и луѓето во Македонија.

МЕД има силна основа и длабоки корени, ние сме една од најстарите организации која е континуирано активна од седумдесеттите и затоа немам сомнежи дека МЕД е поддржан од најголемите научници и професионалци во Македонија ќе продолжи да обезбедува критичен поглед кон заканите за природата, развивајќи нови и иновативни начини за нејзино зачувување и во следните години.

Сакам да му се заблагодарам на мојот тим, на Претседателството, на Собранието, на сите неверојатни волонтери и на сите кои не поддржаа во изминатата година – доблеста е на нашата страна, колективно ние сме незапирливи и секоја наредна година може да биде само поуспешна.

Роберѓина Брајаноска
Извршен директор на МЕД

Macedonian Ecological Society

announces the

5TH CONGRESS

OF ECOLOGISTS OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION

Ohrid, Macedonia

19th-22nd October 2016

Macedonian Ecological Society is pleased to announce the 5th Congress of Ecologists of the Republic of Macedonia, with international participation. This will be our first truly international Congress, with editorial board comprised of scientists from nine countries in the region. It will provide a platform for presentation of the latest scientific research in ecology in the countries of the Balkan region and South-east Europe. The Congress will also provide a rare opportunity for exchange of experience and knowledge among ecologists, conservationists, environmentalists and practitioners in forestry, agriculture, chemistry, economy and other related disciplines.

The international character of the Congress will guarantee better communication among scientists of the region and increased quality of the presentations. The presentation will be distributed into nine sections, covering broad topics reflecting the wide range of research done over the last several years. The 5th Congress of Ecologists of the Republic of Macedonia aims to fill a major gap in international scientific meetings in the region and will thus maintain and advance the cooperation in ecology as a whole.

Македонско еколошко друштво

Постигнувања во 2015 година

Како национална организација МЕД се стреми да ја покрие целата територија на Македонија









* МЕД и понатаму е активен партнер/член на повеќе организации: Европската еколошка федерација (EEF-European Ecological Federation), Planta Europa, Централно-источноевропската работна група за заштита на биолошката разновидност (CEEweb – Central and East European Working Group for the Enhancement of Biodiversity), партнер на Европскиот центар за заштита на природата (ECNC – European Center for Nature Conservation), подружница на BirdLife International, а во текот на 2015 година беше поднесена апликација за членство во Меѓународната унија за заштита на природата (IUCN).

Организација и структура

Согласно Статутот, со Македонското еколошко друштво управуваат членовите на здружението преку свои претставници кои се предлагаат и избираат за членови на Собранието на МЕД, кое е највисок орган на Друштвото. Други управни органи на МЕД се Претседателството и Надзорниот одбор. Улогата на управувачките органи е да обезбедат развој на Друштвото преку стратешка ориентација и изготвување програми за работа и јакнење на капацитетите.

Собранието брои 21 член кои беа избрани на годишната седница на Собранието на МЕД одржана во март, 2015 година во следниот состав:

Проф. д-р Славчо Христовски - претседател	Проф. д-р Љупчо Групче – почесен член
Проф. д-р Владимир Џабирски – заменик претседател	Проф. д-р Дана Прелиќ – раководител на секција Урбана екологија
д-р Методија Велевски – генерален секретар	Проф. д-р Златко Левков - раководител на секција Хидробиологија
Проф. д-р Љупчо Меловски – член на претседателство	д-р Валентина Славевска Георгиевска - раководител на секција Пределна екологија
Проф. д-р Тодор Ановски - член на претседателство	Проф. д-р Трајче Стафилов - раководител на секција Заштита на животна средина
Проф. д-р Александар Трендафилов - член на претседателство	Проф. д-р Срећко Георгиевски - раководител на секција Агроекологија
Проф. д-р Николчо Велковски - член на претседателство	Проф. д-р Маја Јорданова - раководител на секција Еколошка едукација
г-ѓа Марјана Шушлевска – претседател на Надзорен одбор	д-р Александра Цветковска - раководител на секција Млади еколози
Проф. д-р Милица Стојановска – член на Надзорен одбор	д-р Трајче Наумоски - член
м-р Сузана Андонова - член на Надзорен одбор	г-ѓа Ирена Андреевска - член
м-р Робертина Брајаноска – извршен директор	

Започнувајќи од 2006 година Канцеларијата на МЕД успешно се развива и во 2015 година бројот на вработени достигна 18 лица, со кои раководи извршен директор. Канцеларијата на МЕД обезбедува научна и стручна поддршка и управување со проекти кои се во насока на исполнување на стратешкиот план на организацијата и нејзината мисија. Холистичкиот пристап кон имплементација на проектите е дополнително структуриран во програми кои ги одредуваат главните полиња на делување. Имено, внатрешните организациски реформи во канцеларијата на МЕД преку воведување посебни програми на делување, кои започнаа во 2014 година, продолжија и во текот на 2015 со цел зголемување на ефикасноста и подобро искористување на капацитетите на МЕД. Исто така, беа разгледани можностите за поврзување на работата на програми во канцеларијата на МЕД со секциите.

Раководителите на програми и проекти понатаму во текстот ги презентираат активностите од 2015 година, како и плановите за натамошно делување.

Реализирани активности

1. Програма „Заштита на растенија и екосистеми“

Согласно исклучителната важност на одделните екосистеми во однос на обезбедување екосистемски услуги, кои се од основна важност за човекот и нарушувањето на природното функционирање на истите, МЕД спроведува проекти за заштита на екосистемите. Со реализација на овие проекти се одредуваат заканите по екосистемите, нивната состојба, се овозможува одржливо користење на услугите од екосистемите како и промоција и подигнување на јавната свест за вредноста на истите.

1.1 Вода за езерата, блатата, изворите и луѓето на Јабланица

Заштитата на Црнодримското сливно подрачје е опфатено со поголем проект кој се спроведува во земјите каде поминува реката Дрим. Во Македонија проекти спроведувани од повеќе граѓански организации се обединети од споменатиот поголем проект. МЕД е задолжен за проектот познат како *Вода за езерата, блатата, изворите и луѓето на Јабланица*.

Земајќи го предвид високото видово разнообразие и ретките водни живеалишта на планината Јабланица како и сериозните закани по истите, главната цел на проектот е обезбедување основи/препораки за нивна заштита.

Bythinella melovskii, нов вид полжав за науката откриен во тресетиштата на Крстец, Јабланица

„Истражувањата вршени во рамките на овој проект се од големо значење. Како доказ е и новиот вид полжав за науката, именуван како *Bythinella melovskii* Glöer & Slavevska-Stamenković, 2015, пронајден во тресетиштата на Крстец."

Ивана Лозановска, раководител на проект

Освен квантификацијата на заканите по акватичните живеалишта, друга цел на проектот е и да се дадат препораки за одржливо користење на водните ресурси преку обезбедување на алтернативни начини за водоснабдување на жителите во регионот заради намалување на притисокот врз акватичните екосистеми.

Се разбира, во скоро секој сегмент од проектот клучна улога имаа засегнатите чинители, а овојпат тоа беа жителите од околните општини и села. Со соработката и консултативните средби, издаден е прирачник за одржливо управување (стопанисување) со шумите на планината Јабланица (земајќи ја предвид улогата на шумите во заштитата на водните сливови). Потоа, како резиме на истражувањата, изработен е синтезен извештај за состојбата на водните тела и шумите на Јабланица со анализа на заканите и препораки за одржување или подобрување на статусот на овие важни природни ресурси.

2. Програма „Проучување и заштита на птици“

Изминатата година беше многу интересна за проучување и заштита на птиците во Македонија. Нашиот фокус беше разнолик, а обемот на теренските проучувања беше предизвик на кој работеше посветен тим на експерти и волонтери.

2.1 Соработуваме со целото Средоземје за птиците преселници

При спроведувањето на проектот „Развој на капацитети за заштита на преселните патишта на птиците во Медитеранот“ МЕД работеше на целата територија на Македонија, а особено на водните површини кои се од особено значење за преселните птици. Имајќи на ум дека целта за зачувување на преселните птици не може да се оствари од ниту една земја самостојно, ние соработуваме со 11 земји од Средоземјето со кои ги споделуваме прелетните патишта но и многу од заканите за овие птици. Главните достигнувања на МЕД во рамките на овој проект опфаќаат многу исцрпни теренски истражувања за време на зимската и пролетната преселба со цел да се определат главните закани врз птиците кои може да бидат поврзани со илегално убивање на птици, несоодветно влијание на енергетските структури како и едукација и активирање на локални волонтери.

Rallus aquaticus (Барска кокошка)

Нашите капацитети за зачувување на преселните птици постојано се надополнуваат преку искуството кое го стекнуваме низ работа, но и преку учеството на едукативни настани како работилницата за илегално убивање на птици која беше одржана во Мадрид, онлајн едукацијата за влијанието на просторното планирање врз птиците и воспоставувањето на менторска соработка со Бугарското друштво за заштита на птици. Во 2016 година МЕД ќе учествува и на работилница за лобирање и дефинирање на добри пракси за ветерници и птици преку мапирање на сензитивност за изградба на ветерници од која ќе произлезе и реализацијата на национална работилница на истата тема.

Еден од главните начини да ги зачуваме преселните птици и нивните патишта е доколку ја имаме поддршката на јавноста. Затоа, МЕД постојано се обидува да остане во врска со македонската јавност, одбележувајќи настани како Европските денови за набљудување на птици и Светските денови на птици преселници, на кои јавноста, а особено волонтерите се поканети да учествуваат и научат повеќе. Дополнително, МЕД активно снима видео материјал преку кој

ќе ја илустрира својата работа со птиците преселници.

„Одржување на континуитет во работата со проучување на птиците преселници е од клучно значење при дефинирање на методите и начините на нивна заштита. Меѓутоа, тој континуитет е невозможен без регрутирање и тренирање на нови соработници и истражувачи. На подолг рок, тоа е најголемата придобивка на овој проект.“

Данка Узунова, раководител на проект

Останува во наредната година уште поуспешно да работиме на создавање на нови капацитети за теренски истражувачи и да остваримe подлабок контакт со одговорни лица од институции и бизнис сектори за продлабочување на соработката.

2.2 Македонско учество во изработката на атлас на птици на Европа

МЕД успешно ја заврши првата фаза на изработката на атлас на птици на Европа преку обезбедувањето на квантитативни податоци за орнитофауната на Македонија. Оваа, претежно теренска активност е значајна поради воспоставувањето на научна основа за заштита на птиците во Македонија.

За продолжување на оваа активност до 2017 година, МЕД обезбеди финансиска и логистичка поддршка а ќе учествува и на 20-тата конференција за бројноста на птиците во Германија.

2.3 Штрковите во Македонија, избројани!

Прв пат по повеќе од педесет години во Македонија беше спроведен национален попис на гнезда на штркови. Пописот обезбеди податоци за бројноста и распространувањето на штрковите во Македонија, а нашите податоци ќе бидат дел од меѓународниот попис на штркови.

„Пописот на штркови беше завршен во средината на јули, токму пред младите штркови да излетаат од гнездата. Ова беше комплексна активност и ние сме многу благодарни на сите волонтери и љубители на штркови кои ни помогнаа да ја завршиме."

Ксенија Путилин, раководител на проект

Забележани беа 817 гнезда со 3661 штрк, а најголемата гнездечка густина е регистрирана во Кочанско Поле каде има по два штрка на секој квадратен километар. Активните гнезда имаат во просек 2,5 млади и најчесто се наоѓаат на електрични столбови. Ваквите податоци зборуваат за важноста на нашата соработка со енергетските компании како и значајноста на земјоделството и влажните живеалишта. Податоците за штрковите се собираа во повеќе од 1000 села и таа обемна задача успешно се заврши благодарение на 22 активни волонтери на МЕД.

2.4 Египетскиот мршојадец во Македонија

Во 2015 година беше направен обид да се залови и обележи со сателитски трансмитер возрасна единка на египетски мршојадец (*Neophron percnopterus*). Активноста беше спроведена во периодот од 3-7.08.2015 на територијата на Неготино каде е познато дека се исхранува група на египетски мршојадци. Зафатот беше неуспешен и ниту една единка не беше заловена.

Истражувањето беше спроведено со цел да се добијат прецизни информации за миграцијата (прелетни патишта и времетраење) на возрасните единки на египетскиот мршојадец, вид чија бројност во Македонија е намалена на околу 58% во последните 30 години и од кој се преостанати само околу 20 двојки.

3. Програма „Зачувување на диви животни“

Оваа програма опфаќа активности поврзани со директна и индиректна заштита на диви животни и нивните живеалишта. За 2015 година програмата беше исполнета со активности кои ги опфаќаат скоро сите групи животни, но најголемо внимание и посветеност повторно им припадна на истражувањата и заложбите за заштита на балканскиот рис.

3.1 Балканскиот рис, критично загрозен вид според светската црвена листа

Десетгодишната работа на тимот од МЕД задолжен за спроведување на *Програмата за закрепнување на балканскиот рис*, во 2015 година е заокружена со важен момент кој го прослави балканскиот рис на светско ниво. Имено, во ноември 2015 година, балканскиот рис се најде на Светската црвена листа на IUCN со проценет статус на критично загрозен вид. Иако статусот е разочарувачки, сепак ова е важен чекор кон иднината заштита на оваа мачка.

Како одбележување на десетгодишната работа се одржа и меѓународен симпозиум за балканскиот рис во Албанија каде присуствуваа познавачи и заинтересирани чинители од неколку земји. На крај, промовирано е и информативно видео преку кое е сумирана досегашната работа во рамките на овој проект во Албанија, Косово, Македонија и Црна Гора.

“Иако ова е големо научно достигнување за нас, немаме време за славење, на балканскиот рис му е потребна уште поголема видливост и посветена поддршка. Сепак, ние сме охрабрени бидејќи Црвената листа на IUCN обезбедува „политичко“ признавање и глобален публицитет.“

Диме Меловски, раководител на програма

Останатите активности од проектот за рисот продолжуваат во слична динамика како и претходната година. Спроведено е четврто по ред систематско истражување со фото замки во НП „Мавровo“. Освен клучното подрачје Мавровo, истражувања со фото замки се спроведени и на други подрачја, како што се

Јабланица, Ниџе, Илинска и Плакенска Планина и јужните делови од Стогово.

Заштитата на балканскиот рис и истражувачката работа во голема мера е поддржана од мониторинг мрежата, која секоја година расте по бројност на заинтересирани ловџии, ловочувари, шумари, локално население. Со нивното вклучување во работата, се зајакнуваат нивните капацитети, се остварува добра соработка и доверба, што води кон успех во остварување на понатамошните цели.

4. Програма „Управување со заштитени подрачја“

Заштитените подрачја имаат значајна улога во одржувањето на биодиверзитетот и природната состојбата на екосистемите. Преку програмата за заштитени подрачја, МЕД активно се залага за ширење на информациите за подобрување на состојбата со заштитените подрачја преку обуки, советодавни услуги и конкретни акции во одредени подрачја. Акции и иницијативи за прогласување заштитени подрачја кои ги презема МЕД за подобрување на мрежата на заштитени подрачја во Македонија се дел од активностите спроведени во 2015 година поврзани со оваа програма.

4.1 Иницијатива за креирање на прекуграничен биосферен резерват „Осогово“ помеѓу Бугарија и Македонија

Охрабрени од прогласувањето на прекуграничниот биосферен резерват „Охрид - Преспа“ во 2014 година, оваа годинабеше започната иницијатива од страна на граѓански здруженија од Македонија и Бугарија за формирање прекуграничен биосферен резерват „Осогово“.

Посветеноста на МЕД во последните девет години работа на истражување, соработка и лобирање преку овој проект доби одлична прилика за конечно воспоставување на поголемо заштитено прекугранично подрачје во североисточниот дел од Македонија.

“Нашата посветена деветгодишна работа во регионот на Осогово, која вклучуваше детални истражувања, локална и регионална соработка како и интензивно лобирање, не подготви за една одлична нова иницијатива за воспоставување на прекугранично заштитено подрачје – биосферен резерват „Осогово“.
Деспина Китанова, раководител на програма

Но, самиот чин на прогласување на заштитено подрачје е само последната етапа од макотрпниот и долг процес. Претходно е потребно да се создадат поволни услови за формирање на прекуграничен биосферен резерват преку

остварување соработка со клучните чинители, подобрување на практиките на управување со природните ресурси, промовирање на вредностите. Токму тоа се и активностите што МЕД ги спроведуваше во првата половина од 2015 година поврзани со овој проект. Посебно внимание се посвети на идентификација на шумите со висока конзервациска вредност (во соработка со ШС „Кочани“), при што се одржаа и неколку работилници на оваа тематика.

Поддршка за одржливо шумарство во осоговскиот регион преку зајакнување на капацитетите на познавачите од оваа област и идентификација на шуми со висока конзервациска вредност се активности кои ќе бидат во фокусот на идното продолжение на проектот за Осогово.

4.2 ПреспаНет

Мрежата од трите граѓански организации од Албанија, Грција и Македонија позната како ПреспаНет продолжи со своите заеднички активности и во 2015 година. МЕД е дел од оваа прекугранична соработка, која изминатава година продуцираше заедничка прекугранична стратегија за Преспа. Стратегијата е водич за идни проектни активности кои се однесуваат на понатамошна трилатерална соработка. Таа е изработена според признаени меѓународни методолошки пристапи и содржи неколку делови, кои се од интерес за заштита, промовирање или одржливо управување на регионот.

Минатата година во рамките на заедничките активности на мрежата беа изработени два броја на ПреспаНет Информаторот и Календар за 2016 година. Одржана е годишна средба и викенд средба на тимот во Албанија. Една од активностите на ПреспаНет е да обезбеди и поддршка за локалните самоуправи и населението во трите земји. Така МЕД помогна во изработката на ЛЕАП за општина Ресен.

4.3 Локалното население, иницијатор за прогласување на Шар Планина за национален парк

Шар Планина е уште едно подрачје за кое МЕД неколку години наназад се труди да постигне видливи посакувани промени, а тоа е прогласување на Шара за заштитено подрачје во категоријата национален парк. Изминатава 2015 година е во знакот на формираната локална акциона група или платформа позната како „Пријателите на Шара“. Оваа група е формирана со цел да делува локално и да мобилизира нови приврзаници на идејата Шара за национален парк. Моментално платформата брои 113 членови. Активна е преку социјалните мрежи, но и преку организирање настани и мали кампањи. Со цел да се разјаснат можните придобивки од прогласувањето на Шара за национален парк, неколку информативни средби се одржаа на кои присуствуваа членовите на платформата, но и други заинтересирани граѓани.

ШАРА - SHARRI

Во рамките на проектот *Зачувување на биолошката разновидност преку одржливо управување со ресурсите на Шар Планина* спроведено е и истражување за расположението на локалното население во врска со идното прогласување на Шар Планина за национален парк, а резултатите се во финална фаза на обработка.

4.4 Документирани биолошките и еколошките вредности на сливното подрачје на река Брегалница

Основна цел на проектот посветен на сливот на Брегалница беше анализа на недостатоците во еколошките податоци и изработка на карта на еколошка сензитивност за подрачјето на сливот на реката Брегалница. Проектот го спроведуваше компанијата Деконс-Ема, а Македонското еколошко друштво беше вклучено со сите свои капацитети. Резултатите од обемната истражувачка работа спроведена во рамките на овој проект изминатава година се сумирани во неколку извештаи: биолошка разновидност, пределска разновидност, состојба со заштитените подрачја и картата на еколошка сензитивност.

Добиените податоци се од голема важност за идни планирања и развој на овој регион. Канцеларијата за развој на Источно-планскиот регион е сопственик на сите резултати од овој проект и е задолжена за нивно инкорпорирање во изработката на разни идни стратегии и планови поврзани со ова подрачје. Од особено значење е изработката на Сту-

дија за состојбата со заштитените подрачја во сливот на река Брегалница, во која е даден преглед на сите постоечки и предложени ЗП и даден е предлог за формирање систем на заштитени подрачја во Брегалничкиот слив што произлезе од добиените резултати од проектот.

4.5 Мали грантови на локални организации за промовирање на потребата од заштитени подрачја

Годинава, по втор пат се спроведе Програма за мали грантови на подрачјето на Илинска и Плакенска Планина, во рамките на *Проīрамаīа за закреīнување на балканскиоī рис*. Целта на малите грантови беше запознавање на локалното население со потребата од заштита на природата, воспоставување на нови заштитени подрачја и придобивките кои произлегуваат од нив. Шест организации учествуваа во вториот повик за мали грантови меѓу кои имаше граѓански здруженија, едно училиште, Општината Демир Хисар и планинарски друштва од овој крај. Поголемиот дел од малите проекти беа насочени кон промовирање на идентификуваните природни вредности на подрачјето на Илинска и Плакенска Планина, а мал дел на едукација и подигање на јавната свест. Планинарските друштва „Бигла 2013“ и „Поленка“ работеа на промоција на високопланинските предели на Илинска Планина, односно на добро сочуваната Дабова состоина - Мренога. ОУ „Гоце Делчев“ од Демир Хисар спроведе активности за едукација на учениците и подигање на јавната свест за значењето на Блатниот даб - Слоештица. Промоцијата и уредувањето на просторот околу изворите на Црна Река и изворот Пополжани беа главни активности на проектите

спроведени од страна на општина Демир Хисар, односно организацијата „Брждани 2010“. „Арт Поинт-Гумно“ спроведе активности поврзани со заштитата и подигање на јавната свест кај локалното население за значењето на птиците на Илинска и Плакенска Планина и Белчанските вирови. Како резултат од спроведените проектни активности беа изработени предлози за заштита на природните реткости Мренога, Блатен даб - Слоештица и Извор Пополжани. Со цел да ги зајакне капацитетите и да ја унапреди соработката на локалните партнерски организации вклучени во програмата, МЕД организираше обуки насочени кон подготовка и успешно спроведување на предлог проекти, како и пронаоѓање на соодветни финансиски средства.

Преку истата програма, по втор пат беа доделени и мали грантови на Јабланица. Фокусот на петте проекти кои беа поддржани во овој регион беше насочен

кон потребите од прогласување на Јабланица за прекугранично заштитено подрачје и за продолжувањето на соработката помеѓу МЕД и локалните еколошки граѓански здруженија. Грантови беа доделени на вкупно пет апликанти од кои два апликанти „Сороптимист“ преку ОУ Браќа Миладиновци од Струга и ПК „Закамен“ спроведоа едукација на ученици и љубители на природата и промоција на природните вредности на Јабланица при што го нагласија значењето на биолошката разновидност и одржливите начини на користење на природни ресурси како и потребата за прогласување на планината Јабланица за национален парк. Грантот на аптеката „Лекофарм“ беше доделен со цел промовирање на лековитите билки и едукација на локалното население за нивно правилно собирање. МЕД ја согледа потребата за вмрежување на локалните НВОи па го поддржа проектот на „Енхалон“ кој треба да ги обедини и вмрежи локалните еколошки здруженија со цел заедничко лобирање и соодветно решавање на локалните еколошки проблеми. Значајно е да се истакне и поддршката на Општина Вевчани за подготвување на план за управување со заштитеното подрачје споменик на природата „Вевчански Извори“ (чии граници беа проширени во 2012 година). Проектите и нивните јавни настани беа почеток на јавната дебата за сите позначајни и актуелни еколошки проблеми во Јабланичкиот регион.



5. Програма „Агроекологија“

Главна цел на програмата за агроекологија е зачувување на земјоделството со високи природни вредности. Се работи за традиционално земјоделство кое се практикувало со стотици години и вклучува екстензивно напасување и мали фарми со различни земјоделски култури со мал внес на ѓубрива. Различни типови предели се издиференцирани како резултат на ваквата пракса и интеракцијата на луѓето со природата. Земјоделството со високи природни вредности помага во зачувување на биолошката разновидност и зачувувањето на пределот за разлика од интензивното земјоделско производство кое врши голем притисок врз животната средина и природата.

„Во селата од Брегалничкиот слив има традиција да се одржуваат локални сорти при што едно домаќинство одгледува по неколку култури со по 2-3 различни сорти, на мали површини наменети пред сè за лични потреби на жителите. За жал, најголем дел од жителите кои одржуваат локални сорти се на 50-75 годишна возраст, а помладите жители масовно се иселуваат од селата или се ориентираат кон комерцијално земјоделство.“
Евгенија Јордановска Нечковски, асистент на проект

Во текот на 2015 година, МЕД во соработка со професори од Факултетот за земјоделски науки и храна (ФЗНХ) реализираше активности за идентификација на локалните сорти растенија и автохтони видови животни во Брегалничкиот слив со предлог мерки за нивна заштита. Истражувањата беа спроведени во рамки на проектната активност „Анализа на недостатоци во еколошки податоци и изработка на карта на еколошка сензитивност во Брегалничкиот слив“.

Со истражувањата беа регистрирани и квантифицирани автохтоните раси на бушата, праменка, домашна балканска коза, бивол и македонска примитивна свиња. Импресивни се резултатите добиени за разновидноста на автохтоните сорти растенија, некои од нив загрозени и пред исчезнување, особено од пченица, овес, сирак, просо, грав, грашок, наут, папуда, тиква, лејка, диња, лубеница, итн.

6. Програма „Политики за заштита на природата и животната средина“

За ефикасна заштита и одржливо користење на билошката разновидност неопходна е добра законска регулатива. МЕД во рамки на различни проекти има правено анализи на различни закони поврзани со заштитата на природата и изработувано препораки за измени на соодветната законска регулатива.

Поддршката на процесот на ревизија на Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план (НСБРАП) продолжи и во текот на 2015 година, при што членови на МЕД беа вклучени во процесот на стратешка оцена на НСБРАП, воспоставување на механизам за размена на информации за биолошка разновидност итн. Проектот беше спроведуван од страна на Канцеларијата на UNEP во Виена во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија, а финансиски е поддржан од GEF.

Стручната поддршка која МЕД може да ја обезбеди на релевантните владини институции во однос на различните политики за заштита на природата и животната средина е преку директно вклучување во процесот на изработка или давање коментари при изработката на различни стратешки документи и законска регулатива.

Робертина Брајаноска, раководител на програмата

Секако, тука треба да се спомне и обврската за усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската унија (особено двете најзначајни директиви на ЕУ за птици и живеалишта) кои претставуваат основа за воспоставување на еколошката мрежа Натура 2000. Активностите на МЕД главно се насочени кон јакнење на капацитетите кај различни чинители како и обезбедувањето научни податоци и експертска поддршка во спроведувањето на обврските од европското законодавство од областа на заштита на природата. Во таа насока, особено е значајна спроведената обука за постапката на идентификација и номинација на Натура 2000 подрачјата при што беше изработена комплетна документација за прогласување на Белчишко Блато за Натура 2000 подрачје.

7. Програма „Луѓето и природата“

Оваа програма е основата за развивање на сите наши активности кои се однесуваат на имплементација на проекти на терен бидејќи ние сме убедени дека активната вклученост на сите засегнати страни во секој чекор е најважна за успешната имплементација на проекти. Преку комбинирањето на нашата експертиза и локалното познавање ние развиваме прифатливи решенија за зачувување на биодиверзитетот и добиваме локална поддршка.

Насочени сме кон зајакнување на капацитетите на локални организации кои се идентификуваат со нашата визија и мисија и ваквите активности придонесоа за воспоставување на многу формални и неформални партнерства и мрежи кои ни обезбедија подобрена комуникација и соработка.

7.1 Луѓе, растенија, природа – успешна приказна за заедничка посветеност на неколку граѓански здруженија од Македонија

Активностите за промовирање на растителниот диверзитет со помош на неколку граѓански здруженија од одделни значајни растителни подрачја (ЗРП) од Македонија успешно ја одбележаа и 2015 година. Почнувајќи од 2007 година, кога МЕД заедно со својот долгогодишен соработник Плантлајф (PlantLife) го спроведе проектот за идентификација на ЗРП во Македонија, оттогаш активностите за афирмирање и промовирање на ЗРП продолжуваат непрекинато.

Овој проект покажа дека граѓанските организации од Македонија можат да се поврзат и да работат заедно за една цел. Тоа беше причина за проектите што МЕД ги спроведува заедно со PlantLife, во насока на афирмирање на ЗРП во Македонија континуирано да се продолжуваат од 2007 до денес.

Наталија Меловска, раководител на програмата

Четири ЗРП со вклучени 11 партнери и соработници се главните чинители на активностите што продолжија и во 2015 година. Се работеше на следните значајни растителни подрачја: ЗРП Шар Планина, ЗРП Илинска Планина, ЗРП Пелистер и ЗРП Осогово. Во секое од избраните ЗРП, раководени од локални организации се одвиваа јавни настани, со

тематика за значењето на растенијата и потребата од нивна заштита. Беа организирани и реализирани преку 20 настани во вид на образовни кампови, обележување на планинарски патеки со информативни табли, запознавање со растителниот диверзитет преку фотографирање диви растенија и изработка на хербариуми, воспоставување едукативни планинарски патеки и други активности.

Околу 1600 луѓе волонтерски се приклучија кон проектот. Планинари, учители, ученици, студенти, младински групи, претставници од општините - сите доброволно учествуваа во настаните.

Еден од повпечатливите постигнати резултати се остварените цврсти соработки помеѓу вклучените партнери при нивното вмрежување, што особено се покажа преку нивната волја заедно да учествуваат во организирање на заеднички настан. Дополнително, контактите воспоставени со локалните луѓе и волонтерите беа есенцијални во поглед на успешното спроведување на проектните активности. Во секое од подрачјата имаше луѓе кои беа расположени да направат нешто добро за „нивното“ подрачје, и како да чекаа да се појави шанса за да покажат дека се грижат за природата и непроценливата вредност на растенијата. Токму поради нив, овој проект ја доби својата вистинска димензија. Користа беше обострана - на проектот му требаа такви луѓе, исто како што на луѓето им требаше еден ваков проект.

Како заокружување на заедничките активности беше патувачката изложба насловена како „Дивите билки од мојот крај“, која пропатува низ сите подрачја што беа дел од проектот за да на крај биде поставена во ЕУ Инфо центарот во

Скопје. Фотографии, цртежи, песни, гатанки инспирирани од растенијата патуваа на неколку локации низ Македонија.

7.2 Прекугранична соработка за подобро негување на природните вредности на планинскиот масив Јабланица - Шебеник

Населението што живее во подножјето на прекуграничниот планински масив Јабланица - Шебеник ја има клучната улога во заштитата на природата. Пет општини од Македонија и Албанија беа директно вклучени во проектните активности преку кои населението имаше можност да се запознае со начините на одржлив развој, односно разумно користење на природните ресурси преку методи кои не ѝ штетат на природата. Здобивајќи се со вакво знаење, населението од овие општини се оспособува за понатамошно управување со животната средина и природните ресурси во идното прекугранично заштитено подрачје. Покрај заедничките средби, се одржаа и бројни обуки и саеми преку кои луѓето од овој прекуграничен регион имаа можност да се запознаат и соработуваат меѓусебно.

Како водич кон одржливото искористување на природните ресурси се и неколкуте пишани материјали што произлегоа од овој проект, како што се Студијата за одржливо користње на природните ресурси на планината Јабланица, книга за природните вредности на Јабланица и кратка брошура насловена како „Луѓето и природата“ во која се опишани успешни приказни за добра пракса при користење на природните вредности од овој регион. Иако прекуграничниот проект кој се однесува на планинскиот регион Јабланица - Шебеник заврши во текот на 2015 година, МЕД и понатаму ја одржува соработката со сите вклучени страни од регионот. Потребно е продолжување на активностите и вклучување на локалното население во спроведување на мали проекти, бидејќи се докажа дека таа практика дава добри резултати и ги зајакнува капацитетите на локалните организации и општини.

7.3 Чешиново - Облешево, Село на штркови – Приказни за штрковите, зачувани од минатото, пренесени во иднината

Откако ја доби титулата „Село на штркови“ во 2013 година Чешиново - Облешево стана дел од Европската мрежа на села на штркови и е активно вклучено во сите конзервациски напори кои ние ги предложивме и дури отидоа чекор пред нашите очекувања. Активностите на нашето Село на штркови се најмногу насочени кон подигање на локалната и регионалната свест, зајакнување на локалните капацитети и зачувување на силната врска помеѓу луѓето и штрковите и нивните живеалишта.

„За времетраењето на овој проект МЕД во голема мера соработуваше и зависеше од локалната заедница. Оваа соработка резултираше со извонредни резултати кои ги надминаа очекувањата поставени во проектната рамка.“

Ксенија Путилин, раководител на проектот

Општината Чешиново - Облешево ги надмина нашите очекувања со тоа што гордо го додаде штркот на својот нов грб, постави инфо-табли на кои го додаде логото на Европската мрежа на села на штркови и го прогласи 6 мај за Ден на штркот.

Заедно со општината ние развивме тригодишен локален акционен план за развој на селото на штркови и се надеваме дека ќе обезбедиме финансии за негова имплементација.

Одличната соработка со општината и локалната популација не охрабруваат да преземеме идни чекори за развивање на заеднички конзервациски проекти.

8. Програма „ ГИС аналитика и управување со бази на податоци“

Потребата за формирање посебна програма за ГИС аналитика и креирање и управување со бази на податоци произлезе од сè поголемиот обем на проектни активности поврзани со изработка на различни картографски прилози, креирање бази на податоци, како и спроведување различни анализи (анализа на погодноста на живеалиштата, промени во распространувањето на одредени видови и живеалишта и др.) преку моделирање со користење на различна софтверска поддршка (пр. Larch, MaxEnt итн).

Динамиката на работата на тимот од МЕД задолжен за обработка на бази на податоци и ГИС аналитика е тесно поврзана со активностите на останатите програми во МЕД.

Сепак 2015 година најголем дел од сработеното во рамките на оваа програма беше во рамките на проектот „Анализа на недостатоци во еколошки податоци и изработка на карта на еколошка сензитивност за подрачјето на сливот на река Брегалница“.

„Задоволство е да се види резултатот од повеќегодишната работа на повеќе од 50 истражувачи, претставен со само една карта, која е барем во извесна мера јасна секому. Останува да се надеваме дека предложените подрачја ќе ја добијат заштитата која недвосмислено ја заслужуваат.“

Васко Авукатов, раководител на програмата

Во анализите за еколошка сензитивност се интегрирани податоците за биолошката разновидност и нејзината вредност, постоењето на јадрови петна во различни типови живеалишта, функционалноста на биокоридорите, како и факторите кои имаат влијание врз биолошката разновидност, а произлегуваат од неживата природа. Како резултат е добиена карта која претставува комбинација од сензитивност и значајност, со која во најголем дел се потврдуваат наодите од истражувањата на експертските групи, односно, најголемиот дел од подрачјата кои се пресметани како најсензитивни, се совпаѓаат со новите предлози за заштитени подрачја.

Постојаните анализи со помош на ГИС алатката континуирано се користат за картографски прикази за дистрибуцијата на балканскиот рис, кои покрај за



намените на овој проект се користат и за проектот *Синото срце на Европа* и даваат значителен придонес во оваа кампања за спречување на предвидените изградби на хидроцентрали во клучното подрачје, Маврово.

Изминатава година, оваа програма контрибуираше и во напорите за зачувување на шумите. Така, на Шар Планина се прават почетни напори за подготовка на методологија за утврдување на загубите на шумските површини, како индикатор за потенцијални конфликти кои би можеле да настанат со прогласувањето на Шар Планина за заштитено подрачје во категоријата национален парк, со посебен осврт на потребите за огревно дрво, кривосечата и ризикот од ерозија. Во соработка со експерти од Бугарија и од шумарскиот факултет од Скопје, направена е дигитализација и означување на шуми со висока конзервациска вредност на територијата на ШС „Кочани“



9. Програма „Еколошка едукација“

Програмата за еколошка едукација има за цел младите пред сè да се поврзат со природата и да пројават чувство на одговорност кон даден простор, преку проширување на еколошките знаења и спроведување на заеднички задачи и обврски.

МЕД преку Програмата за еколошка едукација, им нуди можности на децата од основните и средните училишта, студентите, наставниците и членовите на локалните заедници да се вклучат во проучувањето, заштитата и сочувувањето на природата и животната средина. МЕД ги збогатува наставните програми на децата, во и надвор од училница, организира работилници за наставниот кадар и вклучува волонтери кои дополнително придонесуваат за поефикасно спроведување на активностите.

Активностите на едукативната програма се искуствени, врзани за одредени и специфични подрачја, каде пред сè се поттикнува истражување и спроведување соодветна акција. Од друга страна пак, истражувањата и едукацијата во природа го збогатува животот на децата, па така овие деца кои учат и играат во природа покажуваат повеќе внимание, поголема креативност, постигнуваат повисоко ниво на самодоверба, како и значајни подобрувања во когнитивниот развој, самодисциплина, креативно изразување, познавање на јазици и социјални интеракции. Сето ова води кон повисок степен на знаење и успех во спроведувањето на сличните активности.

„Информацијата е повеќе од важна. Дали е пренесена преку дијалог, дали со организирање настан или кампања, или предавање за најмладите, тоа е сé едно! Важно е таа да стаса до сите и сите да ја разберат и пренесат пораката понатаму, а тоа децата најдобро го прават.“

Светлана Пејовиќ, раководител на програмата

Со оваа програма во текот на 2015 година беа опфатени едукативни активности во различните проекти на МЕД и тоа: за закрепнување на балканскиот рис, проширување на знаењата за растенијата кои се карактеристични или ендемични за Македонија, важноста на влажните живеалишта во Преспа, други значајни живеалишта како старите букови шуми и други слични образовни активности.

МЕД повеќе од 20 години ја поддржува работата на Истражувачкото друштво на студенти биолози (ИДСБ) преку обезбедување стручна и финасиска помош во развојот и реализацијата на тековните активности на друштвото. Минатата 2015 година, МЕД активно се вклучи во реализирањето на летната научно-истражувачка акција на Малешевските Планини - Клепало, каде студентите ги подобрија и прошири своите истражувачки вештини и притоа постигнаа бројни резултати од истражувањето на биолошката разновидност на Малешево.

Активностите на програмата за едукација се поврзани со останатите програми особено во областа на промоција и подигање на јавната свест, како и лобирање кон постигнување различни цели и приоритети.

Балканскиот рис

Особено важен дел во заштитата и сочувувањето на балканскиот рис е проширувањето и продлабочувањето на знаењата на децата за овој вид. Едукација за рисот беше спроведена во четири основни училишта во Маврово и тоа во населените места Маврови Анови, Ростуше, Требиште и Велебрдо при што беа вклучени околу 300 ученици и наставници. Целта на оваа едукативна активност беше кај децата да се поттикне поинаков начин на размислување за животната средина и природата, да се создаде чувство на лична одговорност кон животните и секако забележување и доживување на специфичностите и богатството на природата која не опкружува.

Промоција на вредностите на стара букова шума

Едукативниот проект „*Промоција на вредности на стара букова шума*“, беше спроведен во 2014 година, а завршната јавна презентација на почетокот на февруари 2015 година во Кочани пред околу 600 деца од регионот. Резултатите од едукативните активности спроведени преку разни игри и интерактивни предавања за децата, едукација во природа и прошетка во стара букова шума на Пониква, беа поттик активноста да продолжи и понатаму, со цел подобро разбирање на вредностите на буковата шума. Програмата

за зачувување на природата во Македонија, преку националниот координатор Фармахем и финансиерот SDC, обезбеди продолжување на активностите на едукативната „*Патека на клукајдрвчето*“.

Растителниот свет на Македонија

Активностите во рамките на проектот за *Поврзување на луѓето и природата* не беа насочени само кон сочувување и проучување на растителниот свет, туку и подобро запознавање на децата со овие видови уште од најмала возраст. Повеќе од 100 илустрации во „Азбука на растенијата“ го преставуваат шареноликиот свет на растенијата кои се среќаваат во Македонија.



9.1 Јакнење на капацитетите на МЕД и неговите партнери и соработници

Обука за Натура 2000

Како продолжување на процесот на јакнење капацитети на МЕД кој започна во 2014 година, во однос на процесот на идентификација и прогласување на европската еколошка мрежа Натура 2000, во ноември 2015 година во Охрид МЕД ја организираше втората по ред обука за Натура 2000. Целта на обуката беше запознавање со процесот на прогласување на едно подрачје за Натура 2000, со фокус на Белчишко Блато како потенцијално Натура 2000 подрачје. Учесниците на обуката беа главно вработените на МЕД и потесни соработници од ПМФ-Институтот по Биологија и МЖСПП.

Програмата на оваа обука опфаќаше теми како комуникација и подготовка на учесниците за теренска работа

Конференција за едукација за одржлив развој – Естонија

Преку видео презентација насловена како „Интерактивна едукација - воведување во концептот за одржлив развој“, беа претставени резултатите од едукативните активности за деца кои беа реализирани во Кочани за вредностите на стара букова шума и воспоставената едукативна патека на Пониква „Патеката на клукајдрвчето“.

Картирање на живеалишта

Обуката за картирање на хабитати кои се релевантни за Значајните растителни подрачја, во организација на IUCN беше одржана во Толокс, Шпанија, во ноември 2015 година. На обуката беа демонстрирани техники за обработка на податоците со помош на ГИС и DAFOR техниката за опис на хабитатите на терен.

Балкански зелен појас

МЕД учествуваше во работилница за подобрување на соработката долж Балканскиот зелен појас и зачувување на биолошката разновидност на Балканот која се одржа во септември 2015 во Грција. На работилницата беа испланирани следните чекори за спроведување на проектните активности, финансиран од DBU.

(истражување), како и пополнување на формуларот за податоци односно најважниот документ во процесот на прогласувањето на едно Натура 2000 подрачје. Со овие две обуки МЕД ја заокружи првата иницијатива за обука на свои членови во процесите на имплементација на Натура 2000 мрежата во Македонија. Покрај двете обуки важно е да се спомне и подготовката на комплетната документација за прогласување на Белчишко Блато за Натура 2000 подрачје, што за прв пат се случува во Македонија.

Одржлив развој во заштитени подрачја

Претставник на МЕД учествуваше на работилница во Норвешка во јуни 2015 година, за размена на искуства и примери за одржлив развој во прекугранично заштитено подрачје, каде беше презентиран и процесот/иницијативата за прогласување на Осоговските Планини за заштитено подрачје.

Натурегио Балканс

Двајца претставници на МЕД учествуваа на завршниот настан – работилница на Натурегио Балканс во Хамбург, каде беа разгледани реализираните пилот проекти по програмата и нивната одржливост, како и можностите за вмрежување и изнаоѓање финансии за имплементирање заеднички проекти.

Обука за органско земјоделско производство

На петдневната обука за органско производство, одгледување и преработка на зеленчук и овошје и процедури за контрола и сертификација, во организација на Федерацијата на производители на органски производи на Македонија, поддржана од Швајцарската агенција за развој и соработка, учествуваа претставници на МЕД кои по спроведеното тестирање се стекнаа со сертификати за органско производство.

Шуми со висока природна вредност

Во Кочани и Понква, како дел од активностите поврзани со заштита, сочувување и промовирање на осоговскиот регион, беше спроведена и обука за идентификација на шуми со висока природна вредност како предуслов за идните активности за сертифицирање на шумите. За оваа цел МЕД со помош на експерти од Бугарија и во соработка со раководниот тим на ПШС „Кочани“ го спроведоа процесот на идентификација на шуми со висока конзервациска вредност со помош на HNVF критериумите.

Покрај овие активности, МЕД активно учествуваше на работилници за сертификација на шуми во организација на Фондацијата „Поврзување на природните вредности и луѓето“ (SNVP), каде придонесе во дефинирањето на критериуми за шумска сертификација на национално ниво.

Во рамките на проектот „Поврзување на луѓето со природата – вмрежување и зајакнување на граѓанските здруженија во Македонија“ се одржаа две главни обуки, од кои едната беше поврзана за придобивање на волонтери и управување со нив, а втората беше за Нату-

ра 2000 подрачја и придобивките што ги носат овие заштитени подрачја.

Со Програмата за закрепнување на Балканскиот рис беа реализирани повеќе обуки и работилници во клучните подрачја од теритотријата на рисот. Во мај минатата година беше спроведена обука за прибирање теренски податоци со користење на апликациите Oruxmaps и Memento database преку презентација за ГИС и просторни анализи на таблети или паметни мобилни телефони на персоналот на НП „Маврово“. Беа одржани 5 работилници за јакнење на капацитетите на вработените во НП „Маврово“.

На Илинска и Плакенска Планина беше одржана работилница за имплементација на проекти за локалните организации од ова подрачје и спроведена програма за мали грантови.

Поврзано со зајакнување на капацитетите на партнерите од Шара, во Тетово беше одржан форум на тема *Зошто Шар Планина заслужува да биде национален парк*. „Пријателите на Шара“ преку обука имаа можност да научат повеќе за заштитените подрачја и придобивките од истите, а искуства од управувањето со заштитени подрачја разменија во текот на студиското патување во Националниот парк Шварцвалд во Германија во октомври 2015 година.

Платформата „Пријателите на Шара“ учествуваше и организираше повеќе настани со цел нејзино промовирање во земјава и Косово од октомври до декември 2015 година, меѓу кои и настанот „Ден на гравот“ што се одржа во Теарце, Тетово.

Неколку претставници од партнерските организации во рамките на проектот *Поврзување на луѓето со природата – вмрежување и зајакнување на граѓанските здруженија во Македонија* учествуваа на единаесеттиот „Фестивал на цвеќето“, кој традиционално се одржува во Бохињ, Словенија.

Летниот период го одбележа организирањето на петта балканска средба на проучувачите на вилинските коњчиња (BOOM) од страна на Македонското еколошко друштво, во соработка со Истражувачкото друштво на студенти биолози и Словенечкото одонатолошко друштво. За време на средбата, беа регистрирани 43 видови во кавадаречкиот и прилепскиот регион, Демиркаписката Клисура, Пелагонија и Мариово.

10. Програма „Односи со јавност“

Програмата за Односи со јавност, како и програмата за еколошка едукација опфаќа активности вклучени и во останатите програми на МЕД.

МЕД како транспарентна организација континуирано ги споделува вестите за сопствената работа во електронски и печатени медиуми. МЕД се обидува и редовно да ги коментира загрижувачките состојби со животната средина и биолошката разновидност на национално ниво.

Во изминтата година МЕД активно работеше на анализа на потребите за подобрување на комуникацијата со јавноста на Македонија, па така беше согледана и потребата од развивање на стратегија за комуникација која би била јасен водич за остварување на посакуваниот јавен профил на организацијата.

10.1 Кампањи и одбележување значајни денови

Кампања „Пролетта доаѓа!“

Шеста година по ред МЕД ја спроведува кампањата за едукација на најмладите за петте чести видови на птици преселници кои се среќаваат кај нас: белиот штрк, селската ластовица, пиштарката, пчеларката и кукавицата. Оваа година кампањата беше скоро целосно насочена на белиот штрк. Волонтерите и вработените на МЕД одржаа 33 интерактивни работилници во училиштата во општините Преспа и Чешиново - Облешево, каде се наоѓа Селото на штркови, со цел запознавање со екологијата на штркот и важноста од сочувувањето на неговото живеалиште. Околу 900 ученици и 22 наставника од 15 училишта имаа можност да учествуваат во оваа меѓународна иницијатива.

Кампања „Да го зачуваме синото срце на Европа“

Со цел да се спречи уништувањето на синото срце на Европа, Euronatur и Riverwatch во соработка со неколку национални партнерски организации на Балканот, ја започнаа кампањата „Да го зачуваме синото срце на Европа“.

На меѓународно ниво, целта на кампањата е да се спречи неконтролираното проектирање на хидроенергетски проекти и да се зачуваат највредните и најранливите речни екосистеми во Југоисточна Европа. На национално ниво, целта на проектот е да се напушти иницијативата

Од кампањата „Пролетта доаѓа“

за градба на хидроелектрани во националните паркови и да се зачуваат вредностите на Националниот парк „Маврово“.

Постигнувањата на оваа кампања во текот на 2015 година беа важни како на национално така и на меѓународно ниво: трите невладини организации вклучени во координација на кампањата „Синото срце на Европа“ во 2013 г. поднесоа жалба по основ на прекршување на неколку одредби од Бернската Конвенција до Постојаниот комитет на Бернската Конвенција при Советот на Европа. Оваа жалба во 2014 година резултираше со тоа што Постојаниот комитет на Бернската Конвенција утврди дека жалбата е основана и го отвори случајот за Македонија по основ на прекршени четири одредби од Бернската Конвенција. Па така, во јуни минатата година, назначена група на експерти направи проценка на негативното

влијание на хидроенергетските проекти врз природните вредности во НП Маврово. По оваа посета МЕД учествуваше на 35-от состанок на Постојаниот Комитет на Бернската Конвенција при Советот на Европа по кој Светска Банка ги повлече финансиите предвидени за имплементација на хидроенергетскиот проект „Луково Поле“.

Проектот имаше силно јавно присуство преку медиумската кампања, присуството и презентацијата на конференцијата „Денови на Балканските реки“ во Белград, учеството на „ЕХО“ филм фестивал и јавна презентација на резултатите од петгодишната кампања за зачувување на Националниот парк „Маврово“.

Светски ден на водните живеалишта - 2 февруари

Рамсарскиот ден во Преспа се одбележува веќе неколку години. Минатата година, по повод овој ден беше одржана презентација за значењето на водните живеалишта за денот на водни живеалишта во СОУ „Цар Самоил“ кога истовремено беа дистрибуирани и лифлети за значењето на Рамсар низ Преспа.

Светски ден на птиците преселници – 9-10 мај

Во 2015 овој ден беше одбележан со спроведување на првото теренско истражување за спроведување на пописот на штркови во Македонија. Истражувањето беше спроведено во регионот на Гевгелија и Дојран и тогаш беше востановена методологијата по која се спроведуваше пописот низ целата држава.

Меѓународен ден на биолошката разновидност - 22 мај

Во рамките на свеченото отворање и промовирање на мониторинг станицата во Преспа, МЕД одржа предавање за разнообразието на живиот свет на Преспа со што го одбележа овој светски ден.

Европски денови на набљудување на птиците – 3-4 октомври

По повод овој ден организиравме средба на повеќе од триесет волонтери и членови на МЕД во Преспа. Средбата беше искористена како можност да се споделат најнови информации од нашата организација кои ги засегаат волонтерите, да се научи повеќе за набљудувањето на птици и волонтерите да се запознаат со глобалното семејство на волонтери преку презентацијата за локален активизам која ја оддржа Клер Томсон, раководител на проект од BirdLife.

10.2 Изданија на МЕД

Во текот на 2015 година МЕД продолжи со изработка на Информаторот на МЕД, информатора на ПреспаНет како и различни промотивни и едукативни материјали за различни целни групи во насока на промовирање на својата работа и спроведување едукативни активности.

World Wetlands Day
Wetlands for our Future
2 February 2015
живеалишта:
да се грижиме за нив?
Азбука
ПРИРАЧНИК
ЗА ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ (СТОПАНИСУВАЊЕ) СО ШУМИТЕ НА ПЛАНИНАТА ЈАБЛАНИЦА
ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛУЃЕТО СО ПРИРОДАТА
Пронајди го рисот!
Balkan
Lynx
A BIG CAT STANDING LITTLE CHANCE

10.3 Активности на волонтери

МЕД како организација која работи на национално ниво и чиј обем на активности постоајно расте, има и постојана потреба од волонтери, стажанти и соработници. Изминатата година ние соработувавме со извонредни луѓе од Македонија но и Европа. Нивниот ангажман е од непроценлива важност за нас, а фактот дека над 1000 од нив работеа со нас јасно ја илустрира и широката прифатеност за важноста на нашата работа. Изминатата година волонтерите работеа со нас на терен и во канцеларија; самостојно или под наше водство тие се неизоставен дел од сите наши научни и општествени достигнувања.

„*Како стажант во МЕД јас ги проширив моите познавања преку истражувањата за балканскиот рис. За време на овие истражувања експертскиот тим од МЕД несебично споделуваше со мене информации за истражувањата и потребата за закрепнување на популацијата, ова е неповторливо искуство за мене.*“ – Натан Оренберже, студент од Франција.

„*Моите ментори од МЕД несебично ме примија на сите теренски истражувања, без разлика дали беа за инсекти, птици или цицачи, а тие ми помагаа и во обработката и анализата на моите теренски податоци. Се надевам дека био-фотографиите кои заедно со Натан ги подаривме на архивата на МЕД се доволна благодарност.*“ – Пулен Мерсие, студент од Франција.

„*Станав волонтер на МЕД пред 2 години зашто ја сакам природата а особено птиците и пајаците. МЕД веднаш ме вклучи во тимот кој работи со птици па минатата година активно работев на терен и во канцеларија со МЕД и со ИДСБ, а учествував и на националниот попис на штркови. Среќен сум што можев да ги пребројам сите штркови во мојот регион. Работејќи со МЕД се чувствувам како дел од една голема целина.*“ – Славе Накев, студент од Македонија.

„*Моето волонтерско искуство во МЕД, не може да се опише со зборови. Ама може да се доживее на македонските оризови полиња, на бреговите на нашите езера, на места каде илетките на штркчиња како учат да летаат или на патки превез кои го развеселуваат целото езеро со своите бои, те занемуваат. И оваа година, со цело срце ги очекувам новите МЕД-арски авантури.*“ – Бисера Влахова, студент од Македонија.

„*Теренските истражувања со МЕД ме потсекаат на детството, кога собиравме чај од планините. Драго ми е дека и моите ученици ќе имаат такви сеќавања, Шар Планина е полна со прекрасни растенија.*“ – Лидија, наставник од Македонија.

Листа на проекти кои се спроведуваа во текот на 2015 година

Проект	Времетраење	Подрачје/а за реализација на активностите по проектот	Вклучени партнери (меѓународни и национални)	Финансиер
Програма за закрепнување на балканскиот рис 3	01. 2013 - 12. 2015	Западна Македонија (ареалот на распространување на рисот), со поголем акцент на НП Маврово, Јабланица, Шар Планина и Илинска-Плакенска	Еуронатур, Германија; Кора, Швајцарија; ППНЕА, Албанија; ЦЗИП, Црна Гора; Финч и Ера, Косово	МАВА, Швајцарија
Да го зачуваме синото срце на Европа	2013 - 2016	Национален парк „Маврово“	Еуронатур, Германија; Ривервоч, Австрија; Еко-свест и Фронт 21/42	МАВА, Швајцарија
Цензус на штркови во Македонија	01.03.2014 – 31.10.2015	Македонија	/	НАБУ – Германија
Поврзување на луѓето со природата – вмрежување и зајакнување на граѓанските здруженија од Македонија	12. 2013 – 06. 2015	Илинска – Плакенска Планина, Осогово, Пелистер и Шар Планина	Плантлајф, ОК; Арт Поинт Гумно, с. Слоештица, ПК Љуботен, Тетово; Центар за едукација и развој, Тетово; Грашница, Охрид; НП Пелистер; Младински културен центар, Битола и општините Кочани, Пробиштип и Чешиново - Облешево	Европска унија и Плантлајф
Вода за езерата, блатата, изворите и луѓето на планината Јабланица	2014 - 2016	Јабланица	општините Струга и Вевчани, селата Подгорци, Лабуништа, Горна Белица, Јабланица, Пискупштина, Луково, Модрич, Дренок, државното јавно претпријатие “Македонски Шуми”	Партнерски фонд за критични екосистеми (CEPF)

Проект	Времетраење	Подрачје/а за реализација на активностите по проектот	Вклучени партнери (меѓународни и национални)	Финансиер
Подобрување на прекуграничниот развој на планинскиот масив Јабланица - Шебеник преку активна вклученост на локалното население	09.2013 – 04.2015	Македонија и Албанија - општини Вевчани, Струга , Либражд, Стеблево и Рајца	ППНЕА, Албанија и Еуронатур, Германија	Европска унија
Поддршка за креирање на прекуграничен биосферен резерват „Осогово“ помеѓу Македонија и Бугарија	01.2014 – 08.2015	Осоговски Планини	Бугарска фондација за биодиверзитет (ББФ) и Еуронатур, Германија	Франфуртско зоолошко друштво (FZS)
Развој на капацитети за заштита на преселните патишта на птиците во Медитеранот	03.2015-01.2017	Македонија	Брдлајф, Дога Дернеги, Турција; Друштво за заштита на природата на Либан, Брдлајф од Кипар и Малта, Центар за заштита и проучување на птиците на Црна Гора, Група за проучување и заштита на птиците на Мароко, Пријатели на птиците од Тунис; Албанска асоцијација за заштиа на птиците и асоцијацијата БИОМ, Хрватска	МАВА, Швајцарија
Чешиново - Облешево, Село на штркови – приказни за штрковите, зачувани од минатото, пренесени во иднината	12.2014 – 12.2015	Општина Чешиново – Облешево	Европска мрежа на села на штркови	Еуронатур, Германија
Пролетта доаѓа!	2015	Општина Чешиново – Облешево	Брдлајф и ОТОП	Фондација Мицубуши за Европа и Азија

Проект	Времетраење	Подрачје/а за реализација на активностите по проектот	Вклучени партнери (меѓународни и национални)	Финансиер
Зачувување на биодиверзитетот преку одржливо управување на ресурсите на Шар Планина	12.2014 – 06.2017	Шар Планина	Еуронатур, Германија; Институт за развој на заедницата, Центар за едукација и развој и ПК Љуботен од Тетово	Германската федерална фондација за животна средина (DBU)
ПреспаНет	01.2015 – 12.2015	Преспански регион	СПП, Грција и ППНЕА, Албанија	Различни извори
Анализа на недостатоците во еколошките податоци и изработка на карта на еколошка сензитивност за подрачјето на сливот на реката Брегалница	06.2014-16.12.2015	Слив на реката Брегалница	Деконс-Ема во соработка со Македонското еколошко друштво	Центар за развој на Источниот плански регион, преку Програмата за зачувување на природата во Република Македонија, финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка

Преглед на финансиската состојба

Финансиската поддршка за непречено спроведување на работните обрвски и проектни активности на МЕД во текот на 2015 година беше обезбедена од различни меѓународни фондации и организации. Тука особено ќе ги споменеме нашите долгогодишни донатори и спонзори кои обезбедија финасиска основа за нашите конзервациски активности во Македонија и регионот: Германската фондација Euronatur, Франкфуртското зоолошко друштво (FZS – Frankfurt Zoological Society), Фондацијата за природа MAVA, Пронатура, Германската федерална фондација за животна средина (DBU - Deutsche Bundesstiftung Umwelt), BirdLife International, Партнерскиот фонд за критични екосистеми CEPF, PlantLife од Обединетото Кралство како и фондовите на Европската Унија.

Предизвик за Друштвото ќе биде доколку во следниот период успее да го привлече интересот на националните фондации, како и приватниот и бизнис секторот за поддршка во напорите за заштитата на животната средина и природата. Од особено значење е и привлекувањето нови членови и поддржувачи на МЕД, а со тоа и зголемувањето на приливот од годишните членарини и донации.

Извештај за финансиската состојба (прилив и трошоци)

Вкупната состојба на сметката на МЕД според завршната сметка на 01.01.2015 година изнесуваше 9.043.422,00 денари (префрлени од 2014 година заради реализација на тековните проекти), додека на 31.12.2015 година состојбата изнесуваше вкупно 8.845.583,00 денари. Вкупните остварени приходи во текот на 2015 година изнесуваат 17.760.972,00 денари, а вкупните трошоци 17.607.575,00 денари. Овие средства беа наменети за спроведување на планираните активности од тековните проекти, дел од нив продолжуваат со реализација и во 2016 година.

Преглед на приходи

На табела 1 е претставен распоредот на приходите остварен од различни ставки.

Преглед на расходи

Реализираните трошоци во текот на 2015 година според завршната сметка во збирни ставки се прикажани на табела 2.

Табела 1. Остварени приходи во 2015 година

Приходи	Износ (МКД)
Приходи од камати и позитивни курсни разлики	1.413,00
Приходи од проектни грантови	17.607.575,00
Приходи од членарини	13.500,00
Донации	43.404,00
Други приходи	82.312,00
Пренесени средства од минатата година	9.043.422,00
ВКУПНО	26.791.626,00

Табела 2. Расходи во 2015 година

Тип на расход	Износ (МКД)
I. РАСХОДИ, МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (Потрошени материјали, потрошена енергија, транспортни и други услуги, промотивен материјал, наемнини и други материјални расходи)	**2.566.360,00**
II. ДРУГИ РАСХОДИ (Провизија за платен промет, камати, премии за осигурување, дневници за службено патување и патни трошоци, негативни курсни разлики и пренесени средства)	**8.526.598,00**
III. КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА (Средства за опрема)	**374.732,00**
IV. ПЛАТИ И НАДОМЕСТ НА ПЛАТИ (Вкалкулирани плати и надомести за плати)	**6.455.106,00**
ВКУПНО РАСХОДИ (I + II + III + IV)	**17.922.796,00**

Контакт информации

Славчо Христовски
претседател на МЕД
Тел.: 02 3249 611
slavco_h@pmf.ukim.mk

Робертина Брајаноска
извршен директор
Тел.: 02 2402 773
brajanoska@mes.org.mk

Македонско еколошко друштво - МЕД

Адреса на седиштето на МЕД:

Институт за биологија, Природно-математички факултет - Скопје
ул. „Архимедова“ 5, п. фах 162
1000 Скопје, Република Македонија
Тел.: +389 2 3249 611

Адреса на канцеларијата на МЕД:

ул. Владимир Назор, бр. 10
1000 Скопје, Република Македонија
Тел.: +389 2 2402 773
Тел/Факс: +389 2 2402 774
E-mail: contact@mes.org.mk
www: www.mes.org.mk